Бесплатен примерок

# ОПШТИНА АЕРОДРОМ

| Број 63| Година X | март - април 2015 г. | Весник на Општина Аеродром

## Среќен 8 Март



# СОДРЖИНА

УЧИМЕ И НА ГОЛЕМ ОДМОР! .......... 3

АКТИВНОСТИ .......... 4 - 15

ЅИД НА КРЕАТИВНИ ФОТОГРАФИИ .......... 16 - 17

ОБРАЗОВАНИЕ .......... 18 - 19

ТЕАТАР .......... 20

ЗАБАВА .......... 21

ЗДРАВЈЕ .......... 22 - 23

КОЛУМНА .......... 24 - 25

СТИЛ .......... 26 - 27

ЖИВОТ .......... 28 - 29

ПИСМА .......... 30

ИНФО .......... 31

**ПРИЕМНИ ДЕНОВИ:**

- **Одделение за даноци, такси и други приходи и Данок на имот** – секој работен ден од 08:30 до 11:30 часот
- **Одделение за урбанизам** – понеделник и вторник од 09:00 до 11:00 часот
- **Комунално одделение** – понеделник од 15:30 до 16:30 часот, четврток и петок од 08:30 до 09:30 часот

Првиот број на весникот „Аеродром“ излезе во јуни 2006 година
Весникот излегува како двомесечник

**Редакција**
м-р Маја МАНЧЕВСКА
м-р Билјана КОЧОСКА-ТОДОРОВСКА

**Уредува**
Одделение за односи со јавноста и меѓународна соработка

**Лектор**
м-р Билјана КОЧОСКА-ТОДОРОВСКА

**Надворешен фоторепортер**
Александар Ѓорѓиев

**Дизајн**
Кристина Јорданова
Даниела Чабуковска

**Издава**
Општина Аеродром

**Градоначалник**
Ивица Коневски

**Печати**
Графички центар-Скопје

тираж 30.000 примероци

телефон: 2401 516
факс: 2401 546

e-mail: vesnik@aerodrom.gov.mk
www.aerodrom.gov.mk

**Адреса:**
Венијамин Мачуковски 6,
1000 Скопје

# ТАБЛИЦА ЗА МНОЖЕЊЕ НА СКАЛИТЕ НА УЧИЛИШТАТА




Општина Аеродром постави налепници со таблицата за множење на скалилата во основните училишта на нејзината територија.

Целта на оваа активност е учениците на интересен и сликовен начин да учат низ забава и додека се на одмор.

Преку овој нов креативен начин Општината има за цел да придонесе во подобрување на воспитно-образовниот процес.

## ПОБАРАЈТЕ ГО ВЕСНИКОТ „АЕРОДРОМ“ ПРЕКУ ТЕЛЕФОН!

Општинскиот весник „АЕРОДРОМ“ излегува како двомесечник во 30.000 примероци и се доставува на вратата на секое семејство во Општина Аеродром, како и до сите дуќани, продавници, фризерници, кафулиња, фирми и други институции на нејзината територија. Сепак, понекогаш се случува во Редакцијата да стигнат поплаки од граѓани дека од некакви причини не добиле весник.

Доколку во Вашиот влез, стан, куќа или фирма се случи да нема весник, Ве покануваме да се јавите на телефонскиот број 2401 516 во Редакцијата и да ја кажете адресата, по што веднаш ќе Ви биде доставен примерок.

**Со почит,**
**Општина Аеродром**

# ПРЕЗЕНТИРАНИ НАЈЗН
# 2015



# АЧАЈНИТЕ ПРОЕКТИ ЗА ГОДИНА




Градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски, на 2.1.2015 година ги презентираше најзначајните проекти на Општина Аеродром за 2015 година.

Во 2015 година, рече градоначалникот Коневски, планираме да градиме и да создаваме што е можно повеќе за жителите на Аеродром:

1. Изградба на нов парк спроти „Мајчин дом“
2. Изградба на комунална инфраструктура на улицата „Анастас Митрев 3“ во Мичурин
3. Изградба на инфраструктура во населбата Стар Аеродром
4. Изградба на нова пристапна улица кон локалитетот „Индустриска зона“
5. Доизградба на фекалната канализација во Горно и Долно Лисиче
6. Изградба на атмосферска канализација во Горно Лисиче
7. Обнова на улици во Горно и Долно Лисиче
8. Обнова на улиците „Тодор Чангов“ и „Горно Лисиче“ во соработка со Светска банка и Агенција за државни патишта
9. Осветлување паркиралишта во населбата Јане Сандански
10. Изградба на систем за автоматско наводнување на зеленилото во населбата „13 Ноември“
11. Изработка на нов план за локален економски развој (ЛЕР)
12. Проекти за подобрување на условите за образование и спорт
13. Изградба на нови пешачки патеки и тротоари
14. Доизградба на сервисната улица покрај булеварот „АСНОМ“

Во соработка со Град Скопје

# ПОЧНА **ИЗГРАДБА** НА НОВ ПА



# РК ПОКРАЈ КЕЈОТ НА ВАРДАР




Градоначалниците на Град Скопје и на Општина Аеродром, Коце Трајановски и Ивица Коневски на 3.2.2015 година, на заедничка прес-конференција официјално го означија почетокот на изградба на нов парк покрај булеварот „Февруарски поход", поточно кај последната автобуска станица број 5 покрај кејот на реката Вардар.

Новиот парк што ќе го гради јавното претпријатие „Паркови и зеленило" во соработка со Град Скопје и Општина Аеродром, ќе се простира на површина од 9 хектари и ќе содржи пешачки патеки, летниковци, чешми, клупи, корпи за отпадоци, жардиниери и друга урбана опрема, повеќенаменско спортско игралиште, детски игралишта и се разбира, многу зеленило. Во паркот се планира да се насадат повеќе видови зимзелени и листопадни дрвја, нискостеблести растенија, трева и цвеќе.

„Со хортикултурно и партерно уредување на овој простор ќе се создаде уште едно пријатно катче за престој во Општина Аеродром, во кое, убеден сум, сите генерации ќе си најдат свој простор", рече на прес-конференцијата градоначалникот Коневски.

На тој начин, додаде тој, локалитетот на којшто ќе биде изграден паркот од запуштен простор ќе се претвори во зелен и модерен појас, каков што естетски му прилега на едно урбано крајбрежје покрај реката Вардар.

Градоначалникот Трајановски, пак, рече дека со изградбата на овој парк ќе се придонесе во подобрувањето на животната средина во Општина Аеродром.

Вредноста на оваа инвестиција ќе биде околу 16 милиони денари. Со овој проект продолжува традицијата на унапредување и заштита на животната средина и на градење паркови во новопроектирани зони во Аеродром, како карактеристично обележје, по кое стана позната и препознатлива општината, во која последниве неколку години се изградени околу 100.000 квадратни метри нова зелена површина.



# НОВ ПАРК СПРОТ



# И „МАЈЧИН ДОМ“



Градоначалникот на Општина Аеродром на почетокот на годинава најави изградба на нов парк спроти „Мајчин дом“, поточно просторот на аголот меѓу улицата „Васко Карангелевски“ и булеварот „Јане Сандански“. Новиот парк ќе се гради на површина од 2.319 квадратни метри и ќе содржи пешачки патеки, водени површини, езеро со фонтани и водопади, река и детско игралиште. Постојните дрвја на таа локација ќе се задржат и паркот ќе се збогати со ново зеленило составено од нискостеблести растенија и цвеќе.

# ЌЕ СЕ РЕКОНСТРУИРА УЛИЦАТА „РУДИ ЧАЈАВЕЦ“



Општина Аеродром во својата програма за тековнава година има предвидено реконструкција на улицата „Руди Чајавец“ и нејзините краци меѓу новите згради во населбата Стар Аеродром, како и изградба на целосна комунална инфраструктура во овој дел од општината.

Станува збор за проект кој опфаќа изградба на нова фекална и атмосферска канализација, водоводна мрежа, како и целосно ново асфалтирање и изградба на тротоари и паркиралишта на и покрај улицата. На оваа локација е предвидена и изградба на нови линии за јавно осветлување, така што се очекува овој дел од населбата да добие целосно нов и поурбан лик.

Со изградбата на комуналната инфраструктура во оваа населба, Општина Аеродром продолжува со предвидената динамика да ја подобрува состојбата на постојните улици, како и изградба на нови улици на нејзина територија.

# ЌЕ СЕ ГРАДИ НОВА УЛИЦА ВО МИЧУРИН




Општина Аеродром во својата програма има предвидено изградба на комунална инфраструктура на улица Анастас Митрев 3 во населбата Мичурин.

Станува збор за проект кој опфаќа изградба на нова улица што ќе ги поврзува улиците „Венијамин Мачуковски“ и „Петар Ацев“, со вкупна должина од околу 200 метри и 6 метри широчина, согласно Деталниот урбанистички план, како и изведба на тротоари со широчина од по 1,5 метар од двете страни на улицата.

Со изградбата на комуналната инфраструктура во оваа населба, Општина Аеродром продолжува со предвидената динамика да ја подобрува состојбата на постојните улици, како и изградба на нови улици на нејзина територија.

# ОПШТИНА АЕРОДРОМ ГИ СЕФТОСА ВОЗИЛАТА ЗА ЧИСТЕЊЕ СНЕГ




Зимската служба на Општина Аеродром веднаш откако почна да паѓа првиот снег годинава, излезе на терен и непрекинато ги расчистуваше паркинг-улиците и патеките, кои се под надлежност на општината.

Улиците континуирано се расчистуваа со двете нови возила за зимско одржување улици, кои Општината ги набави неодамна и уште првиот ден беа фрлени околу 30 тони сол. Во ниту еден момент не се дозволи да има застој или проблеми со сообраќајот на улиците во општината.

Исто така, беа ангажирани и сезонските работници да ги расчистуваат приодите околу градинките и училиштата, а се интервенираше и на автобуските постојки.

# ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЈА ПОСЕТИЈА КОЛЕДАРИ



На 6.1.2015 година, група дечиња од Општина Аеродром во утринските часови ја посетија Општината и пееја коледарски песни. Младите бадникари ја испеаја песната „Вечниот бог се раѓа“ и на тој начин го најавија Христовото раѓање и Божик.

Општина Аеродром во чест на празнувањето на Бадник и Божик им подели пригодни пакетчиња на младите бадникари.

# АЕРОДРОМ ДОНИРА **МИЛИОН ДЕНАРИ ЗА** ПОПЛАВЕНИТЕ ПОДРАЧЈА



Општина Аеродром донесе Одлука за доделување финансиска помош за санирање на последиците од елементарните непогоди и поплавите што зафатија поголем број подрачја во Македонија.

Со цел да излезе во пресрет на настраданото население, Општина Аеродром од својот Буџет издвои финансиска помош во висина од 1.000.000 денари, кои се спроведоа со посредство на Црвениот крст на Република Македонија.

## ХУМАНИТАРНА АКЦИЈА **ВО ООУ „АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ“**

Во текот на месец февруари во ООУ „Александар Македонски“ се организираше хуманитарна акција за собирање чиста вода и средства за хигиена, наменети за поплавените подрачја низ Македонија.

Собраните средства во соработка со Црвениот крст се донираа на потребните места.

Уште еднаш сите заедно покажавме дека хуманоста е една голема особина која сите ние ја поседуваме!





## И „БУБАМАРИТЕ“ ДОНИРАА

Градинката „Буба Мара“ во текот на февруари продолжи со реализиација на хуманитарно-едукативниот проект „Од дете за дете“ при Министерството за труд и социјална политика, во кој децата донираа вода и хигиенски производи, наменети за поплавените семејства низ Македонија.

Со ваквите акции децата уште од најмала возраст учат за солидарноста и хуманоста, за важноста на пријателството, за помагањето и почитувањето на другите.

## НОВИ ЛИНИИ ЗА **ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ** ВО ГОРНО ЛИСИЧЕ

Општина Аеродром во наредниот период ќе изгради ново јавно осветлување на локалитет Горно Лисиче УЕ А, меѓу зградите на ул. 8, 11, 12 и 13.

Станува збор за проект, кој опфаќа изградба на јавно осветлување во вкупна должина од околу 700 метри, при што ќе се постават околу 25 светилки меѓу новите згради кај последната станица на автобуските линии со број 5 и 15.



## НОВИ **ЗАШТИТНИ ОГРАДИ** ПОКРАЈ ТРОТОАРИТЕ



Општина Аеродром и годинава ќе продолжи да поставува заштитни огради покрај тротоарите, велосипедските и пешачките патеки и на други места каде што ќе биде потребно да се обезбеди непречено движење на пешаците и на велосипедите.

За таа цел ќе се набават 1.300 метални столпчиња високи 60 сантиметри, какви што беа поставувани и во претходниот период на територијата на општината.

## **ФОТО-ВЕСТ** СЕ ЗАМЕНИЈА **СТАРИТЕ ПЛОЧКИ СО НОВИ**

Општина Аеродром изврши замена на старите и оштетени плочки со нови на патеките меѓу зградите зад ТЦ „Капитол“, коишто им задаваа проблеми на граѓаните поради вдлабнатини и насобрана вода од дождовите.



# ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЌЕ ОБЕЗБЕДИ НОВА УЧИЛИШНА ОБЛЕКА И ЗА НАРЕДНАТА УЧЕБНА ГОДИНА

Општина Аеродром објави тендер за набавка на училишна облека за учениците од основните училишта на нејзината територија. Со тоа продолжува традицијата што почна минатата учебна година учениците од сите основни училишта во Општина Аеродром да носат училишна облека.

Целта на овој проект, кој наиде на одобрување и прифаќање не само кај учениците, туку и кај родителите, е сите ученици да бидат облечени во иста облека и да се навикнат на соодветен кодекс на облекување и на тој начин основните училишта да ги достигнат стандардите на училиштата од европските метрополи.



Училишната облека ќе биде ис та како и до сега и ќе се состои од сиви панталони, бела блуза со кратки и со долги ракави и тегет елеци со амблем, на кој е извезено логото на Општина Аеродром и името на училиштето.

Девојчињата ќе имаат можност да одберат здолниште или панталони. Трошоците за околу 6.000 училишни комплети повторно, како и минатата година, ќе ги покрие Општина Аеродром.

Искуството покажа дека со воведувањето на училишната облека се постигнува чувство на еднаквост меѓу децата, без поделби и разлики меѓу нив во начинот на облекување, а од друга страна, пак, на родителите им се намалија трошоците за купување гардероба, која некои родители не можат да си ја дозволат.

# НОВ СИСТЕМ ЗА НАВОДНУВАЊЕ ВО НАСЕЛБАТА 13 НОЕМВРИ



Општина Аеродром наскоро ќе изврши реконструкција и обнова на системот за наводнување во населбата 13 Ноември.

Станува збор за изградба на автоматски систем за наводнување на зеленилото во паркот зад ТЦ „Три бисери“ на површина од 26.000 квадратни метри. Системот за наводнување ќе содржи 340 автоматски електронски прскалки што ќе бидат распоредени на јавното зеленило во овој дел од Општината. Прскалките ќе се штелуваат да се полева тревата во одредени временски интервали во текот на денот и на тој начин зеленилото постојано ќе се одржува свежо.

Автоматските прскалки ќе црпат вода од постојните бунари за наводнување, така што ќе се користи исклучиво техничка вода и на тој начин ќе се штеди скапоцената вода за пиење, а тревата повеќе нема да се наводнува рачно со црева како до сега.

# НОВА УРБАНА ОПРЕМА ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ

Општина Аеродром и годинава ќе продолжи да поставува урбана опрема на различни локации на целата нејзина територија.

За таа цел ќе се набават 50 клупи и 100 корпи за отпадоци, какви што беа поставувани и во претходниот период.



Драги читатели, Општина Аеродром од неодамна Ви нуди можност на овие страници од весникот да го покажете својот креативен дух претворен во Ваши фотографии. Токму овој простор од весникот е посветен на сите тие што сакаат и умеат да фотографираат или, пак, поседуваат прекрасни фотографии. Прифатливи се фотографиите со кои ќе ја претставите Општина Аеродром, природа, пејзажи, фотографии од Вас сликани во неа, од Вашите најслатки, најоткачени и најсреќни деца, миленичиња, оние кои Ви ја смеат душата, едноставно, сè што мислите дека е интересно и заслужува место во овој весник.

Старите фотографии од Општина Аеродром ќе бидат објавени со посебно задоволство! Фотографиите можете да ги испраќате на електронската адреса на весникот:

vesnik@aerodrom.gov.mk

**ЗАДОЛЖИТЕЛНО!**

**ПОКРАЈ ФОТОГРАФИЈАТА, ТРЕБА ДА СЕ НАВЕДЕ НАСЛОВОТ, ЛОКАЦИЈАТА И ИМЕТО НА АВТОРОТ.**



„Снег" - Маја



„Ново Лисиче" - Златко Димитров



„Зимска идила" -Антонио Јанески






„Врапче" - Вера Лазарова



„Кокичиња" - Ксенија Тодорова



„Детска радост" - Маја Кокароска



„На кеј" - Спале

## „СРНИЧКИТЕ“ СЕ НАВИКНУВААТ НА ХРАНА ОД ОРГАНСКО ПОТЕКЛО



На 5.2.2015 година во ЈДГОА „Срничка“ се одржа пригодна манифестација за промовирање на домашните органски производи, како дел од активностите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија.

Целта на манифестацијата е да се анимира најмладата популација за уште од најмала возраст да се запознае со вкусот и придобивките од консумирањето здрава храна од домашно органско производство и таа да стане дел од секојдневната исхрана на децата.

## „СРНИЧКИТЕ“ СЕ ДРУЖЕА СО ДАНИЕЛ КАЈМАКОСКИ



Евровизискиот претставник Даниел Кајмакоски неодамна беше во посета и заедничко дружење со дечињата од градинката „Срничка“, објект „Бамби“.

Децата од средните и големите воспитни групи од ЈДГОА „Срничка“, објект „Бамби“ имаа можност да се дружат со својот омилен пејач, кој со своето присуство придонесе да се забавуваат и да се чувствуваат среќни, а Кајмакоски за кратко време успеа просториите во градинката да ги исполни со многу емоции и да ги стопли малите детски срца.

## ОТВОРЕНО СОВЕТУВАЛИШТЕ ЗА ДЕЦА И РОДИТЕЛИ „МАЛ СВЕТ, ГОЛЕМИ СРЦА“

Во просториите на ЈУДГ „Буба Мара“, објект „Сонце“, неодамна беше отворено првото Советувалиште за деца и родители „Мал свет, големи срца“.

Активностите предвидени во рамки на ова советувалиште имаат за цел да одговорат на потребите на семејството и децата кои престојуваат во градинката, како и градење на капацитетите на воспитно-згрижувачкиот персонал, раководниот персонал, родителите, старателите и заедницата.

Родителите тука можат да добијат информација и совет од различни области како психологија, логопедија, педагогија и здравство. Во Советувалиштето работи мултидисциплинарен тим од дефектолог-логопед, доктор по семејна медицина, психолог, социјален работник, педагог и воспитувач. Советувалиштето работи секој ден, од 12:00 до 14:00 часот, а еднаш месечно има и отворен ден.




Во ООУ „Браќа Миладиновци“

## ОПРЕМА СО ПОМАГАЛА ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

На 4.2.2015 година претставници на инклузивниот тим од ООУ „Браќа Миладиновци“ присуствуваа на презентација за примена на асистивна технологија за учениците со посебни образовни потреби.

Во рамки на меѓуопштинската соработка меѓу двете училишта, инклузивниот тим на ООУ „Јан Амос Коменски“ му додели комплет од асистивни уреди за користење на ООУ „Браќа Миладиновци“, кои ќе им помогнат на учениците со посебни потреби за поуспешно и побрзо совладување на наставните содржини.

„Знаејќи повеќе за Европа и Европската унија знаеме повеќе за нас“

# „ВЛАДО ТАСЕВСКИ“ ОД ОПШТИНА АЕРОДРОМ ТРЕТО МЕСТО НА КВИЗОТ



Екипата на средното училиште „Владо Тасевски“ од Општина Аеродром освои трето место на финалната манифестација на квиз-натпреварите за скопските средни училишта под наслов „Знаејќи повеќе за Европа и Европската унија знаеме повеќе за нас“ во организација на Европското движење на Република Македонија (ЕДРМ) што се одржа на 10.1.2015 година во салата на Град Скопје.

Победник на квиз-натпреварот беше гимназијата „Ѓорѓи Димитров“, додека второто место го освои екипата на гимназијата „Јосип Броз Тито“, трето место покрај СУГС „Владо Тасевски“ освои и „Кочо Рацин“, а на четврто место беше екипата на „Арсени Јовков“.

Инаку, квизот, кој Европското движење го организира во соработка со Градот Скопје и Фондацијата „Конрад Аденауер“, има за цел да ги прошири знаењата на учениците од средните училишта за евроинтегративните процеси во Република Македонија, како и знаењата за Европската унија.

Преку овој проект на ЕДРМ се креира простор за дружење и се развива капацитетот за прифаќање различни култури и различни пристапи на учениците, кои покажаа особен интерес кон евроинтегративните процеси, но и голема компетитивност.

# УЧИЛИШТАТА И ГРАДИНКИТЕ СЕ КИТАТ СО ЗЕЛЕНИ ЗНАМИЊА

Градинката „Буба Мара“ и трите основни училишта „Љубен Лапе“, „Блаже Конески“ и „Браќа Миладиновци“ со добивање на највисокото ниво на награда - Зелено знаме официјално се прогласени за еко-градинка, односно еко-училиште за учебната 2014/2015 година.

Програмата за „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ ја спроведува Министерството за образование и наука во соработка со Швајцарската агенција за развој и соработка и Здружението за едукација, консалтинг и комуникација ОХО.

Целта на оваа програма е да се подигне свеста за заштита на животната средина кај децата од градинките и кај учениците од основните и средните училишта.

Инаку, минатите години, градинката „Срничка“, ОУ „Гоце Делчев“ и ОУ „Лазо Ангеловски“ добија зелено знаме, додека ОУ „Ѓорѓија Пулевски“ е на сребрено ниво.



„Лисистрата“

# СЕКСОТ КАКО ОРУЖЈЕ ПРОТИВ ВОЈНАТА

## Комедијата „Лисистрата“ е приказна за една Атињанка, која ќе ги собере жените од различните полиси од Грција и заедно ќе го употребат сексот како оружје кое ќе ѝ зададе удар на потребата за континуирана војна





Аристофановата „Лисистрата“ напишана во 411 година пред нашата ера, повторно „оживеа“ и тоа овој пат на штиците на Театарот Комедија во Скопје.

Лисистрата е приказна за една жена Атињанка, која ќе се обиде да го направи, она што никој пред неа не смеел да помисли, а камо ли да се осуди да го спроведе, а тоа е да ги собере жените од различните полиси (градови) од Грција на едно место и со една цел – да се спротивстави на воспоставениот поредок (владеење исклучиво на мажите и на војната) и да донесе мир.

Таа успева од сферата на најдлабоката приватност да ја извлече интимата, односно да го употреби сексот како оружје кое ќе ѝ зададе удар на потребата за континуирана војна и на целата олигархија, на неправедноста на системот во кој малкумина профитираат на грбот на сите.

Лисистрата може да биде прочитана и само како лоша замисла за она што претставува жената видена низ призма на еден маж, (Аристофан е сепак машки писател), а жените во целиот текст се претставени како лековерни, промискуитетни, површни, но воедно не смее и не може да се превиди и дека Лисистрата освен што е само вака опишана жена, далеку поважно е што претставува слика на разбудениот народ (полисот) и неговиот глас.



Одличната поделба на улогите во која освен извонредна глума ќе чуеме и пеење, ќе видиме и играње, костимите на Елена Лука, кои совршено ја надополнуваат сликата, сценографијата на Емил Петров - визуелно чиста и прецизна, музиката на Огнен Анастасовски, секој поединечен и сиот заеднички труд, прават претстава вредна да се изгледа.

Сите овие причини заедно со брилијантно одиграната улога на Јелена Жугиќ во ликот на Лисистрата, како и оние на Нина Деан, Жаклина Петровска, Едмонд Сотир, Кристина Ласовска, Валентин Костадиновски, Зорица Нушева, Илија Илиоски, Жарко Димоски и Атанас Атанасовски се доволна причина да се погледне комедијата со универзална вредност, која не престанува да го буди љубопитството на режисерите, во случајов на Наташа Поплавска.




## ВИЦ НА МЕСЕЦОТ

### ДОЖД

Разговараат Мујо и Хасо и Мујо вели:

- Дождов добро ќе и дојде на земјава. Сè ќе оживее!
- Не дај боже, вели Хасо.
- Зошто?
- Па, три жени имам погребано!

**ПОДОБРО ПЕТОК 13-ТИ, ОТКОЛКУ ПОНЕДЕЛНИК!**

ЈАС ГО СИМНУВАМ ЏЕМПЕРОТ... ТАА ЈА СИМНУВА РОЛКАТА...
ЈАС ГИ СИМНУВАМ ПАНТАЛОНИТЕ... ТАА ГО СИМНУВА ЗДОЛНИШТЕТО...
ТАА ГИ СИМНУВА ХЕЛАНКИТЕ... ЈАС ГИ СИМНУВАМ ЧОРАПИТЕ...
НЕМО СЕ ГЛЕДАМЕ... ПОГЛЕДИТЕ ЗБОРУВААТ ПОВЕЌЕ ОД ЗБОРОВИТЕ...
ТАА ЈА СИМНУВА МАИЦАТА... ЈАС ГИ СИМНУВАМ ГАЌИТЕ...
ТАА ВИКА: „НЕМОЈ ГАЌИТЕ... СÈ УШТЕ НЕ СЕ ИСУШЕНИ...СИМНИ ГИ ЗАВЕСАТА И ПОСТЕЛНИНАТА..."
СÈ Е ПОЛЕСНО КОГА РАБОТИТЕ ЗАЕДНО...

## ТРОДИМЕНЗИОНАЛНИ ГРАФИТИ

Покрај класичните ѕидни графити како неизбежен декор во урбаните средини, некои нови дечки почнаа да изработуваат и тродимензионални графити. На сликата десно е прикажан уште еден пример на тродимензионален графит изработен на тротоар. Инвентивно, нема што!



КОГА ЗНАЕШ НЕШТО
ТРЕБА ДА СИ СВЕСЕН
ДЕКА ЗНАЕШ,
А КОГА НЕ ЗНАЕШ
ТРЕБА ДА СИ СВЕСЕН
ДЕКА НЕ ГО ЗНАЕШ ТОА.
ЕТЕ, ТОА СЕ НАРЕКУВА ЗНАЕЊЕ.

**КОНФУЧИЕ**

# НАЈЗДРАВИ КОМБИН

**Зошто јаболката добро се комбинираат со овесна каша? Што е тоа во маслиновото масло што ги засилува лековитите својства на доматот? Зошто грашокот треба да го јадете со лути пиперчиња и зошто да пиете млеко засладено со мед кога не можете да заспиете? Епидемиолозите тврдат дека одредени комбинации на продукти можат да бидат полековити отколку кога би ги јаделе тие продукти поединечно. Овој феномен на комбинации, кои помагаат да се решат одредени здравствени тешкотии, е наречен синергија на храната**

## ДОМАТ И МАСЛИНОВО МАСЛО:
### ЗБОГУМ НА ПРОБЛЕМИТЕ СО СРЦЕТО

Доматот е богат со антиоксидансот ликопен, за кој е докажано дека го намалува ризикот од кардиоваскуларни болести и од одредени видови рак. Апсорпцијата на ликопен се засилува со здрави масти, како маслиновото масло,



па оваа комбинација е добитна за сите оние кои имаат проблеми со срцето.

## ОВЕСНА КАША И ЈАБОЛКА:
### ГО НАМАЛУВААТ ХОЛЕСТЕРОЛОТ

Овесната каша содржи бета-глукан, супстанца која го намалува нивото на холестерол во крвта и влијае на исфрлањето на слободните радикали од организмот. Јаболкото е богато со пектин



кој ја спречува апсорпцијата на холестеролот во цревата и го поттикнува негово исфрлање од организмот. Ако во сад со овесна каша изрендате јаболко со кора, ќе го заштитите организмот. Би било идеално да јадете овесна каша барем три пати неделно.

## ЈОГУРТ И ЛЕНЕНО СЕМЕ: ГИ
### ЗАБРЗУВА МРЗЕЛИВИТЕ ЦРЕВА

Во стомакот живеат повеќе од 400 видови бактерии. Некои се корисни, а некои не. Кога лошите ќе ги надминат добрите, доаѓа до пречки во варењето, подуеност, подригнување, болки... Јогуртот е пробиотик кој го зголемува нивото на добри бактерии во телото, кои го регулираат варењето. Идеален избор за здрав стомак е лененото семе. Секое второ утро во чаша јогурт ставете две лажички ленено семе и проблемите со варење ќе исчезнат.



## ГРАШОК И ПИПЕРЧЕ:
### ГО БРКААТ ХРОНИЧНИОТ ЗАМОР

Ако сте постојано уморни и немате енергија, тогаш во исхраната морате да внесете продукти богати со железо. За да може же-

# АЦИИ НА ПРОДУКТИ





лезото да се апсорбира, неопходно е да јадете продукти, кои ќе му помогнат на тоа железо максимално да се искористи. Затоа е важно, со спанаќ, црвено месо и грашок, кои се вистински извори на железо, да јадете и лути пиперчиња. Тие се богати со витамин Ц, кој директно го врзува железото со крвните зрнца. Идеална мерка е дневно да изедете 200 грама грашок и спанаќ, а три пати неделно по 250 грама црвено месо и едно пиперче.

## БРОКУЛИ И ЈАЈЦА:
### СО НИВ ПОЛЕСНО СЕ МИНУВА НИЗ КЛИМАКС

Ако имате силни грчеви секој месец пред циклусот или ако многу тешко го поднесувате климаксот, неопходно е да го зголемите внесувањето на калциум и витаминот Д. Во текот на неделата изедете барем килограм брокули, 400 грама морска риба и три јајца. Доколку имате проблем со зголемени масноти во крвта, јајцата заменете ги со чаша млеко со минимум млечна маст.



## МЛЕКО И МЕД:
### ПОБЕДЕТЕ ЈА НЕСОНИЦАТА

Топлото млеко содржи триптофан, аминокиселина со природно седативно дејство и калциум, кои заедно со другите својства на киселината, му овозможува да мине низ организмот. Доколку во топлото млеко додадете и лажичка мед, мирниот сон е загарантиран.



## ПОРТОКАЛ И МОРКОВ:
### ЌЕ ИМАТЕ ПООСТАР ВИД

Мандарините, портокалите и морковите се многу богати со витамин А, кој е неопходен за зачувување на видот. Освен тоа, овие намирници содржат ензими кои обезбедуваат дополнителна апсорпција на овој витамин во организмот, па затоа навалете на портокаловото овошје веднаш штом забележите дека видот Ви слабее. Идеална мерка е 300 грама дневно од кој било од овие продукти.



## БАДЕМИ И БАНАНИ:
### ЗА ДА НЕ ВЕ БОЛИ ГЛАВА

Магнезиумот којшто се наоѓа во бадемите може да ја ублажи главоболката. Исто така, освен бадеми можете да јадете банани, сушени кајсии, интегрален ориз или индиски ореви. Идеална доза е 50 грама дневно.



Чествување и празнување на денот на жената

# ЖЕНСКАТА



**Жената е извор вода од која се напојуваат младите души, жената е книга со мудрости, никогаш недоизречена и недоразбрана. Жената е вечна муза и инспирација на поетите, сликарите, боемите, вечна тема на нивните поеми и слики**

**д-р Татјана Стојаноска-Иванова,**
*Институт за социологија, Филозофски факултет - Скопје*

Жената е капка роса, пустински ветер што тивко и милно го гали песокот, таа е нежна, милна, топла и силна, благодет и живот дарува. Жената е цврста карпа, оној тврд орев кој колку и да го притискаш и угнетуваш нема да попушти пред налетот на тежината. Жената е извор вода од која се напојуваат младите души, жената е книга со мудрости, никогаш недоизречена и недоразбрана. Жената е вечна муза и инспирација на поетите, сликарите, боемите, вечна тема на нивните поеми и слики. Таа е опеана и овековечена во многу бајки, песни, слики, многу стихови ненатпеани и мисли ненадминати се инспирирани од жената, а од нејзината убост, итрина, мудрост, интригантност и борбеност онемувале и најголемите виртуози на својот занает.

Со повод и со причина пишувам за жената, во март, бидејќи во овој месец се одбележува меѓународниот ден на жената, а за мене женската кауза е пред сè и над сè . Дефинитивно тоа не ме оправдува зошто повеќе и почесто не говорам за жената, за нејзините права, обврски, должности, иако пишувајќи за мајката во повеќе случаи симболично и суптилно говорам и за жената, но во ова наше секојдневие кое го битисуваме и во оваа наша лабораторија имаме толку општествени феномени кои се значајни, а недоволно протолкувани и истражени. Нејсе, сакам искрено, субјективно и објективно, со чиста мисла и размисла, научно, социолошки, за миг феминистички, со доза на позитивен набој и пред сè женски да проговорам за улогата и статусот на жената денес, во нашето општество, за чествувањето и празнувањето на денот на жената и за потребата сè уште да се ставаат на пиедестал мошне значајни прашања, прашањата поврзани со жената денес.

Во современото општество, вклучувајќи го и македонското, има голем напредок и неколку чекори напред во однос на правата, одговорностите и статусот на жената денес, во однос на децении наназад. Компарирајќи ги државите од Европската унија и Балканот се воочуваат одредени разлики, посебно во полза на политичките и раководните функции што ги заземаат жените, но сепак позитивниот пример што го следиме, нè става во рангот на држави кои ја почитуваат и ценат женската кауза. Можеби за многумина воведувањето позитивни квоти во политичкиот дискурс е дискриминирачки, но јас од еден поинаков агол тие позитивни квоти ги оправдувам, бидејќи без нив и без нивната обврзувачка моќ во едно делумно традиционално општество, многу малку жени ќе можеа да ги покажат своите компетенции во политиката и да се докажат како мудри и добри политичарки. Впрочем за ова говорат и фактите и ако се направи споредба со почетоците на македонскиот плурализам ќе се види таа нагорна линија во политичката сфера, пред сè во бро-

# КАУЗА НАД СÈ!

јот на пратенички и министерски места. Секако за тоа посебна благодарност и ловориките треба да се дадат на невладиниот сектор и форумите на жените, кои се избориja во рамките на своите матични партии да го воведат системот на позитивни квоти. Невладиниот сектор, посебно организациите на жени, преку позитивни примери, пред сè од државите кои се високо рангирани во однос на женската кауза, преку низа едукации, трибини и семинари успеаа да едуцираат жени, кои иако беа доволно образовани и самосвесни, сепак им беше потребен поттик и поддршка за нивна политичка мисија или отворање сопствен бизнис. Секоја чест за таквите активности и секоја личност која била дел од таква едукација или одреден настан ги знае бенефитите од истите. Секако дека ова се само дел од напредните дејанија, идеи и активности кои придонеле за напредок и солиден статус на жената во современието, но не се доволни и конечни и треба уште едукација и борба за да се дојде до она посакувано и вистинско, идентично и изедначено ниво на двата пола.

Говорејќи за жената, а во пресрет на меѓународниот ден кога се чествува таа, она што посебно ми пречи е вулгаризација на празникот. Во вистинска смисла на зборот чествувањето и празнувањето треба да доликува и соодветствува на основната кауза на која почива овој ден. Она што го очекувам е да се говори за правата, статусот и улогата на жената денес, да се одржат трибини на кои признати и познати жени, секоја во својата област, ќе го пренесат своето искуство и ќе охрабрат други припаднички на женскиот пол. Од друга страна можеби треба и да се организира мирен протест чија цел ќе биде кревање глас против насилството и угнетувањето на жената или протест чиј мотив ќе биде против дискриминацијата и сексуалната злоупотреба на жената. Очекувам масовно да се говори и пишува за борбеноста на Флоренс Најтингел, Клара Цеткин и други познати и признати жени кои оставиле длабок печат во историјата. Она што навистина ми пречи е прославувањето на празникот кај нас и со право често велам една вулгаризација и искривоколчување на вистинската кауза. Купување подароци, дар-дарувања од страна на мажите, кои само тој ден решиле да ја изненадат својата дама, полни кафеани, музики, алкохол и чочеци на маса. Разиграни жени и по некој директор, раководител или менаџер, кој со тој ручек или вечера решил да се покаже и да се искупи за неправдите кои директно или индиректно им ги нанел на своите вработени. Телефонски јавувања, смс-пораки и илјадници честитки и букети со една сентенца клише „Среќен празник и за многу години да ни е денешниов ден". А многумина од тие жени што ќе добијат цвет или ќе поиграат „елено моме" или „пајдушко" работат под минимални услови и за минимални плати, дел од нив се со нерешен работен статус, дел од нив се жртви на насилство, ден од нив се дискриминирани. Затоа за мене е недостојно ваквото одбележување на празникот, но ќе треба да се направи рефреширање и менување на свеста за да се чествува овој празник достојно.

**П.С.** И да, ако ме прашувате дали уште треба да се говори за женски права и прашањата поврзани со женската кауза да бидат приоритетни, ќе ви одговорам дека сè додека постојат избори за мис, каде се оценува женското тело и се третира жената како предмет, сè додека осамнуваат реклами за хот-лајн линии со кои се праќа порака дека сексот со жената може да се купи и се потценува љубовта, сè додека постои дискриминација и насилство, сè дотогаш прашањата за женската кауза ќе бидат добредојдени и неминовни.

# КАКО ДА ГО ОДБЕРЕТЕ СТИЛОТ

**Кога ќе го одберете стилот, важно е да се направи и изборот на материјали, кој пак мора да соодветствува на стилот што сте го одбрале: дрвото, каменот, но и сите други видови материјали во темни бои изгледаат тешко и репрезентативно во просторот, па оние што располагаат со помала квадратура, треба да одберат материјали во посветли бои. Освен големината на просторот, од голема важност е и осветленоста. Ако Вашиот животен простор има помали површини со прозорци или има сенки кои ги создава природата околу станбениот простор, тогаш одлучете се за „транспарентни“ стилови и полесни материјали. Направете ја анализата, одмерете ги можностите и впуштете се во нова авантура.**



При средување на нов или преуредување на веќе постојниот станбен простор, едно од главните прашања е во кој стил да го уредите. Можности има многу, но, сепак, естетските критериуми се основни при изборот на стилот на уредување. За да дојдете до одговорот како да го уредите својот дом, потребна ви е анализа. Обрнете внимание на естетскиот критериум, на функционалноста на елементите и на просторот, на финансиите и на просторните можности на Вашиот дом.

## МИНИМАЛИСТИЧКИ СТИЛ

Ако имате мал домашен простор, модерното минималистичко уредување е она што Ви е потребно. Елементите треба да се со геометриски облици, бидејќи такви нема да го оптоваруваат просторот и пожелно е да се ниски и долги. Исто така, ќе го нап-



рават и просторот поголем. Огледални површини и стакло се добредојдени. Овој стил најчесто се практикува во станови со квадратура од околу (или до) 50 квадратни метри. Кога се боите во прашање се практикуваат до три – бела, крем и уште една по избор.



# НА УРЕДУВАЊЕ НА ВАШИОТ ДОМ?

## РУСТИЧЕН СТИЛ

И покрај тоа што е рустичен, не значи дека не е модерен. Напротив. Објектот на „Елена Лука хоум", на пример, во Општина Аеродром, располага со станови каде може да се примени овој тип уредување. Така, можете да употребите тапети како тули или камен, да си направите камин, што ќе ја стопли домашната



атмосфера. Мебелот може да биде и со чисти линии, но и да е изработен од дрво. Кожен килим идеално ќе се вклопи во ваков дом.

## УМЕТНИЧКИ СТИЛ



Уметничкиот стил во голема мера е индивидуален. Ова подразбира употреба на уметнички експонати, кои ја задоволуваат функцијата, но и визуелно уживање. Но, овој начин на уредување не е практичен за семејство со деца.

## ЛУКСУЗЕН СТИЛ

Тука можете да употребите каков стил сакате – модернистички, уметнички, рустичен, минималистички, но ќе мора да вложите во најквалитетни материјали. Исто така, луксузниот стил подразбира и поголем простор за да може да си играте со боите, стиловите, деталите.





# ОДЛИЧНА СОРАБОТКА НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ СО НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

**Општината на својата веб - страница ќе врши перманентна промоција на работата и активностите на НВО секторот, на здруженијата и организациите коишто егзистираат на територијата на општината, како и организациите со коишто активно соработува.**

На територијата на Општина Аеродром постојат повеќе невладини организации, со кои општината има развиено одлична соработка. Во текот на изминатиот период беа промовирани следниве организации. „ЕДРМ", „ДОБЛЕСТ", „ОХО", „СОЛЕМ", „ЛИЦЕ В ЛИЦЕ", „ПОРАКА", „ПОЛИО ПЛУС", „ПРОФИЦИО", „ДАЈТЕ НИ КРИЛЈА" и многу други со коишто општината активно соработува.

Европското движење во Република Македонија **„ЕДРМ"** е невладина, непрофитна организација која постои од етаблирањето на Република Македонија како самостојна држава и делува врз промовирање на европските вредности меѓу населението, а со Општина Аеродром интензивно соработува последните неколку години со заеднички проекти преку кои се анимираат голем број граѓани особено најмладата популација во рамки на традиционалните манифестации за прослава на Денот на Европа, Денот на европското знаме, училишниот ликовен конкурс, квизот „Знаејќи повеќе за Европа, знаеме повеќе за нас" и други.

**„ДОБЛЕСТ"** е здружение кое се грижи за достоинствена старост на граѓаните и преку разни проекти ја поттикнува меѓугенерациската солидарност.

**„ОХО"** се грижи за еколошка едукација кај најмладите и ја поттикнува имагинацијата кај децата на различни начини. Тие неодамна отворија драмско студио токму во нашата општина, развивајќи ја притоа љубовта кон уметноста и литературата со познатите ликови Петко, Цветко, Комшо и Лина.

Здружението на граѓани **„СОЛЕМ"**, пак, работи на проблематиката на социјализација на лицата со интелектуална попреченост и организира работилници за нивно самозастапување со цел да се намали нивната изолација од јавноста.

Асоцијацијата „Паблик" го издава списанието **„ЛИЦЕ В ЛИЦЕ"** кое го продаваат бездомници, младинци од улица, лица со посебни потреби и други социјално ранливи групи граѓани и тоа исклучиво на улица.

Основна цел на здружението **„ДАЈТЕ НИ КРИЛЈА"** е едукација за развивање на човековите вредности, следење и сервисирање на лицата со посебни потреби во подолг временски период. Здружението има организирано низа активности како терапевтско јавање, бал на различности, часови по терапевтско пливање итн.

**„ПОЛИО ПЛУС"** е граѓанска организација на лица со и без хендикеп, која работи на суштинско поврзување и целосно остварување на основните човекови права и слободи на лицата со хендикеп. Нивната мисија е јакнење на самодовербата на лицата со хендикеп и креирање на општество со еднакви можности за сите.

Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост **„ПОРАКА"** е граѓанска, родителска, национална, непрофитна инвалидска организација, која ги застапува правата и интересите на лицата со интелектуална попреченост. Порака има дневен центар кој функционира на територијата на општина Аеродром подолг временски период.

**„ПРОФИЦИО"** е здружение за соживот, толеранција и економски просперитет со основна цел преку разни активности и обуки да го подигне нивото на знаење кај населението, а преку тоа да се подобри и животот во средината.

# СЕ ОДРЖА 19-ТА „МИЧУРИНСКА СРЕДБА“




Во присуство на стотици граѓани на 13.1.2015 година, во централниот парк во населбата Мичурин по деветнаесетти пат се одржа традиционалната „Мичуринска средба“, што ја организира истоименото здружение на граѓани под покровителство на Општина Аеродром.

Традиционално како и секоја година одбележувањето на празникот Василица почна со молитва за мир и кршење василичарска погача со паричка за среќа, по што новиот кум го запали василичарскиот оган. Годинава паричката падна кај стариот мичуринец Ѓоко Гаштаров, кој го презеде кумството од минатогодишниот кум Маноли Цингов.

Во рамките на прославата на големиот православен празник „Свети Василиј Велики“, меѓу народот познат како Стара нова година, се одржа богата музичка програма, а за време на манифестацијата се послужуваше топол чај, сокови, греена ракија, вино и сендвичи.

На Мичуринската средба присуствуваа градоначалниците на Град Скопје и на Општина Аеродром, Коце Трајановски и Ивица Коневски, како и голем број истакнати лица од политичкиот и стопанскиот живот во Република Македонија.

### Според британскиот музички сајт „Имрџинг инди бендс“

# АЕРОДРОМЦИТЕ ОД „ВИЗИЈА“ ВО ТОП-10 НАЈДОБРИ БЕНДОВИ ЗА 2014-ТА

Британскиот музички сајт „Имрџинг инди бендс“ („EmergingIndieBands“) го прогласи аеродромскиот бенд „Визија“ за еден од десетте најдобри инди бендови. Според овој музички сајт, „Визија“ се наоѓа на седмото место, по неколкуте бендови од САД, Англија и Хрватска. „Визија“ е еден од ретките бендови од регионов кој се најде на листата од 90 најдобри бендови од сите делови на светот за минатата година.

Бендот „Визија“ е формиран во 2011 година во Скопје од членовите: Марко Џамбазоски, Марко Гапо, Лилјана Јанкова и Синиша Ѓорѓевиќ. Музиката што ја изведуваат е подложна на експериментирање, со што формираат свој препознатлив звук, а во своето тригодишно постоење имаат постигнато неколку поголеми успеси во и надвор од Македонија.



Линк до сајтот каде можат да се видат најдобрите 10 бендови:

http://emergingindiebands.com/new-year-ninety-2015-10-to-2/.

## ПАРИЧНА ПОМОШ СЛЕДУВА И ЗА ВТОРО ДЕТЕ

**Почитувани,**
Би сакала да прашам дали следува еднократна парична помош за второ родено дете? Детето е родено на 3.12.2014 година. Доколку следува кои документи се потребни и каде се доставуваат? Благодарам!
**А.С.**

**Почитувани,**
Општина Аеродром преку донирање еднократна парична помош за СИТЕ новороденчиња родени на нејзината територија и дава свој скромен придонес во зголемувањето на наталитетот на нејзината територија, со цел барем делумно да им се олеснат трошоците на родителите што произлегуваат од таквиот среќен чин. Така, градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски во изминатава 2014 година им врачи решенија за доделување еднократна парична помош од 5.000 денари на над 600 семејства со новороденчиња. Право на еднократна парична помош за новороденче имаат родителите, чија адреса на живеење е во Општина Аеродром, а потребни документи кои треба да се достават на увид се:
1. извод од матичната книга на венчаните (за родителите на новороденчето)
2. извод од матичната книга на родените (за новороденчето)
3. важечки лични карти/патни исправи од двајцата родители, за идентификација од која се видни податоците за живеалиштето во Општина Аеродром (или една доколку сте самохран родител, но и дополнителна изјава заверена на нотар)
4. трансакциска сметка
5. барање за еднократна парична помош кое се наоѓа на нашата веб - страница.
Документите можете да ги доставите секој работен ден од 08:30 до 16:30 часот во Општина Аеродром (паузате е од 12:00 до 12:30 часот). Исто така, за бебиња родени во 2014 година важечките документи можете да ги доставите најдоцна до 31.03.2015 година. Доколку имате дополнителни прашања можете да се обратите на телефонскиот број 2401 555.
**Со почит,**
**Општина Аеродром**



## ПОТВРДАТА ЗА ПЛАТЕН ДАНОК НА ПОМОШТА ЗА НОВОРОДЕНЧЕ НА ДОМАШНА АДРЕСА

**Почитувани,**
Во 2014 година од Општина Аеродром примив паричен надомест за новороденче. За поднесување годишна даночна пријава потребна ми е пресметка за примените средства. Ве молам ако сте во можност да ја пратите електронски на е-маил, бидејќи не сум во можност да дојдам во Општината.
**Благодарам,**
**А. К. Н.**

**Почитувани,**
Пресметката, односно потврдата за платен данок ќе ја добиете на Вашата домашна адреса, како и сите што добиле парична помош за новороденче.
**Со почит,**
**Општина Аеродром**

## ПРОБЛЕМИ СО ТАВАНИТЕ СЕ НАДЛЕЖНОСТ НА ЗАЕДНИЦАТА НА СОПСТВЕНИЦИ

**Почитувани,**
На соседот над нас му е затнато нешто во бањата и веќе 5 дена ни тече вода на таванот. Му кажавме и тој рече дека ќе го поправи, но ништо од тоа. Ве молам кажете ми каде да се обратам да се реши проблемот?
**Благодарам!**
**Т.М.**

**Почитувани,**
Вашето барање е доставено до Одделението за инспекциски работи. Од таму Ве известуваат дека таваните на зградата се во сопственост на сите станари на Заедницата на сопственици и затоа проблемот ќе мора да го решите на тоа ниво. Доколку имате дополнителни прашања, Ве молиме да се обратите до овластениот инспектор за домување и да го контактирате на 2401 521.
**Со почит,**
**Општина Аеродром**



# СЕРВИСНИ ТЕЛЕФОНИ

Итна медицинска помош ... 194
Пожар и елементарни непогоди ... 193
Центар за известување и тревожење ... 195

## Градинки

Срничка ... 2450 849
Буба Мара ... 2434 530

## Основни училишта

Блаже Конески ... 2469 746
Браќа Миладиновци ... 2460 479
Ѓорѓија Пулевски ... 2455 510
Љубен Лапе ... 2450 220
Лазо Ангеловски ... 2430 324
Димитар Македонски ... 2440 011
Гоце Делчев ... 2438 288
Александар Македонски ... 6152 513

## Средни училишта

Владо Тасевски ... 2464 123
Димитар Влахов ... 2464 590
Марија Кири Склодовски ... 2452 189

## Библиотеки

Јане Сандански ... 2466 474
Кирил Пејчиновиќ ... 2450 449
Рајко Жинзифов ... 2443 450

## Цркви

Света Тројца ... 2763 337
Свети Петар и Павле ... 2439 722
Свети Пророк Илија ... 2460 825

## Полиција 192

ПС Аеродром ... 2432 362, 3142 408
ПС Драчево ... 2763 330, 2794 111
ПС Кисела Вода ... 3223 410, 3142 403

## Амбуланти

Јане Сандански ... 2463 277
Лисиче ... 2440 810
Пелагонија ... 2460 478

## ОПШТИНА АЕРОДРОМ

Централа ... 2400 970
Пријавница ... 2401 511
Контакт со граѓани ... 2401 555
Локален економски развој ... 2401 542
Правна служба ... 2401 556
Човечки ресурси ... 2401 531
Легализација на бесправни објекти . 2401 528
Урбанизам ... 2401 529
Урбанистички планови ... 2401 529
Осветлување ... 2401 533
Комунално одделение ... 2401 532
Комунална инспекција ... 2401 521
Градежна инспекција ... 2401 521
Инспекција за домување ... 2401 521
Финансии ... 2401 513
Буџет ... 2401 536
Сметководство ... 2401 535
Даноци, такси и други приходи ... 2401 553
Данок на имот ... 2401 553
Јавни набавки ... 2401 548
Образование и култура ... 2401 517
Информатика ... 2401 518
Социјална заштита ... 2401 518
Архива урбанизам ... 2401 525
Совет на Општина Аеродром ... 2401 512

## Јавно осветлување

ЕВН ... 3205 000
„Елтра“ ... 2763 838

## Јавни претпријатија

ЈП „Водовод и канализација“ ... 2443 129, 2469 844
ЈП „Паркови и зеленило“ ... 2464 272
ЈП „Комунална хигиена“ ... 3216 644, 075/506 090
Оџачарски услуги ... 2440 293

**ПРИЈАВИ КОРУПЦИЈА**
**0800 10 100**


10 x 2 = 20
9 x 2 = 18
8 x 1 = 8
8 x 2 = 16
7 x 1 = 7
7 x 2 = 14
6 x 1 = 6
6 x 2 = 12
5 x 1 = 5
5 x 2 = 10
4 x 1 = 4
4 x 2 = 8
3 x 2 = 6
2 x 2 = 4
1 x 2 = 2
3 = 30
3 = 27